# КБ – Програма за македонските општини

Земја: Македонија

Број на проект:49463

Деловен сектор: Општинска и еколошка инфраструктура

Вид на објава: Приватна

Еколошка категорија: Финасиски институции

Датум на состанок на Бордот: (Врз основа на немање приговор)

Статус: не е применливо

Датум на објава на Резимето на проект на англиски јазик: 5 јули 2017

**Преведена верзија на овој Документ резиме на проектот: Македонски**

**Опис на проектот**

Согласно одлуката на акционерите на ФРОИ (Фондот за развој на општинската инфраструктура), да престане со работа, ЕБОР планира, да го превземе местото на ФРОИ и да земе учество во финансирање на ризикот во програмата („Програмата”) со Комерцијална банка („КБ”) доделувајќи до 5 милиони евра за проекти во финансирање на инфраструктурата во Република Македонија, врз основа на 50/50 учество со ЕБОР.

**Цели на проектот**

Проектот ќе ја манифестира поддршката на Банката за постоечките инвестиции на ФРОИ, како и за нови инвестиции во општинската инфраструктура во Република Македонија. Програмата ќе и овозможи на Банката да обезбеди финансирање на мали и средни општини, кои имаат значајни инвестициски потреби, но ограничен пристап во финансирања и слаб капацитет во подготовка на добри квалитетни проекти. Грантовите кои ја финансираат ТП (Техничка помош), ќе бидат обезбедени за олеснување на подготовката на проектот, како и последователна имплементација на проектот, со цел да се развие комерцијална одржливост и институциски способности на општината позајмувач.

**Влијание врз транзицијата**

Инволвираноста на Банката во Програмата има влијание врз транзицијата, како во однос на обемот на партнерство со КБ во ангажирање на проекти во општините, така и во искористување на фондовите од ТП за круцијално градење на капацитетот на малите и средни општини во Република Македонија.

**Информации за клиентот**
Банка партнер: Комерцијана банка

**Финансиско учество на ЕБОР**
5,000,000.00 евра
Инвестирање во кредит преку финансирано учество во ризик со КБ до 5 милиони евра.

**Вкупна вредност на проектот**
10,000,000.00 евра
Учество со финансиран ризик до 10 милиони евра, финансирано врз основа на 50/50 основа од страна на КБ и ЕБОР.

**Еколошко и социјално резиме**
(Категоризирана како ФИ 2014 ЕСП) КБ е постоечки клиент и ги има имплементирано на задоволително ниво барањата на Банката за еколошки и социјални барања (ЕО) под постоечката изложеност. За оваа операција од КБ ќе се бара да се усогласи со Барањата за работење на ЕБОР, под точка 2,4 и 9, како што е наведено во документ на Банката за еколошки и социјални политики, од мај 2014. Од КБ ќе се бара да ги прифати и имплементира Менаџментските процедури за ЕО и ризик за корпоративните, МСП и микро позајмувањата, и да достави Годишен еколошки и социјален извештај на Банката. За било која Категорија А проект, финансиран од КБ, банката ќе треба да се повика на вакви проекти согласно правилата на ЕБОР, Оддел за екологија и одржливост, и да осигура дека овие проекти се во согласност со критериумите за усогласенот со политиките на банката 1-8 и 10.

**Техничка соработка**
Банката е во преговори со Австриската влада, за да обезбеди поддршка од Техничката соработка под Програмата, наменета за градење на капацитетот на малите и средните општини во Република Македонија.

**Контакт информации за компанијата**
Билјана Максимовска Поповиќ
+389 2 316 8501
Biljana.Maksimovska.Popovik@kb.com.mk
www.kb.com.mk

**Деловни можности**
За деловните можности или набавка, контактирајте ја компанијата клиент.
За проекти во државен сектор прочитајте на Набавки на ЕБОР: Тел: +44 20 7338 6794
електронска адреса: procurement@ebrd.com

**Општи прашања**
Прашања околу проектите на ЕБОР, кои не се поврзани со набавка:
Тел.: +44 20 7338 7168
електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

**Политика на јавно информирање (ПЈИ)**
ПЈИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите, како се консултира со соработниците, за да промовира подобро осознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите. Текст на ПЈИ

**Механизам на приговори за проектот (МПП)**
Механизмот на приговори за проектот (МПП) е механизм на одговорност на ЕБОР. Тој дава можност за независна ревизија на приговорите од индивидуите и организациите, поврзани со проектите финансирани од ЕБОР, кои се претпосатвува дека предизвикале, или има веројатност да предизвикаат, еколошка и/или општествена штета.

Ве молиме посетете ја страницата на Механизам на приговори за проектот за да добиете повеќе информации за доставување на приговор. Службеникот за МПП (pcm@ebrd.com) ќе може да Ви одговори на било кое прашање поврзано со доставување на приговорот и критериумите за регистрирање и право на доставување на приговор, согласно Правилата за процедури на Механизмот на приговори за проектот.